„Израмнете ги вашите сафови/редови, бидејќи израмнувањето на сафот е од потполноста на намазот.“

Енес бин Малик, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Израмнете ги вашите сафови/редови, бидејќи израмнувањето на сафот е од потполноста на намазот.“
[صحيح] [متفق عليه]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, им наредувал на клањачите да ги израмнат своите сафови, така што никој од нив да не биде понапред или поназад од другиот, нагласувајќи дека израмнувањето на сафовите е составен дел од потполноста на намазот. Тој, исто така, укажал дека искривениот саф претставува недостаток и непотполност на намазот.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/3031